РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-1139/3
08.08.2023 год.
КОНЧЕ

Друштво за транспорт, трговија и услуги
ГЕОРГИНА МЕЛ ДООЕЛ
Бр. 01/23
08.08.2023 год.
Радовиш

# ДОГОВОР

## ЗА СУКЦЕСИВЕН ТРАНСПОРТ СО УТОВАР НА ДРОБЕН КАМЕН ОД РУДНИК „БУЧИМ" ДО НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА КОНЧЕ

Договорни страни:

**1.Општина Конче – Конче** со ЕДБ 4023005118934 застапувана од Градоначалникот на Општина Конче, Златко Ристов (во понатамошниот текст Нарачувач) од една страна

и

**2. Друштво за транспорт, трговија и услуги ГЕОРГИНА МЕЛ ДООЕЛ ул. „Герас Цунев" бр. 59 Радовиш** (во натамошниот текст – носител на набавката), со даночен број 4023020511006, застапувано од управителот Тони Андонов.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1

Предмет на овој договор е: Сукцесивен транспорт со утовар на дробен камен со товарно моторно возило од рудникот „Бучим" до полски патишта и улици во населените места Конче, Ракитец и Г.Липовиќ, по оглас за јавна набавка со број 12268/2023 и спроведена постапка од мала вредност со број на одлука за избор на најповолна понуда 09-1139/2 од 31.07.2023 година.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Економскиот оператор како единствен понудувач има поднесено понуда со збирна единечна цена од 1200,00 денари без ДДВ за сукцесивен транспорт на 1м$^2$ дробен камен. Вкупната вредност на договорот не смее да го помине износот од **847.500,00** денари (осумстотини четириесет и седум илјади и петстотини денари) без ДДВ, односно **1.000.050,00** со ДДВ. Договорниот орган не се обврзува да го реализира максималниот износ на предвидените средства, со тоа што количините за кои ке се врши транспорт ќе бидат утврдени согласно акциониот план на општина Конче

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 3

Договорниот орган плаќањето ќе го врши врз основа на доставена фактура за извршена испорака и тоа во рок од 30 дена од приемот на фактурата во архивата на договорниот орган.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 4

Договорот се склучува на определено време, за период од 6 (шест) месеци од моментот на склучување.

**ДИНАМИКА И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ**

Член 5

Носителот на набавката е должен да врши транспорт на дробен камен сукцесивно според периодичните потреби на договорниот орган, во период од 6 месеци.

Носителот на набавката е должен да ја испорача бараната количина во рок од 3 дена по добивањето на барањето за испорака.

Испораката се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

Член 6

Носителот на набавката е должен да врши утовар и транспорт на дробен камен до полски патишта и улици во општина Конче, односно во населените места Конче, Ракитец и Горни Липовиќ во рок од 3 дена по доставено барање од страна на договорниот орган.

Член 7

Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на предметот на набавката согласно со сите прописи и усвоени стандарди за овој вид на услуги во Република Северна Македонија.

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

Член 8

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по испорака на стоката во рок од 30 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката.

Член 9

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможна испораката.

**ВИША СИЛА**

Член 10

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**ОДРЕДБИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 11

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или раскинување на договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во договорниот рок, другата договорна страна мора да му остави дополнителен примерен рок за исполнување на обврските.
Ако договорната страна која не ја исплонила обврската во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.
Едната од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок ако од нејзното однесување произлегува дека таа нема да ја исполни својата обврска ниту во дополнителниот рок.
За се друго што не е предвидено во овој договор ќе се применат соодветните одредби од Законот за облигациони односи и Законот за јавни набавки.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

Член 12

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку спорот во врска со одредбите на овој договор не се реши спогодбено истиот ќе го решаваат надлежниот суд во Радовиш.

**ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 13

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор може да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на основниот договор.
Дополнувањата и измените се важечки само ако се направени во писмена форма потпишани од двете страни.
Ниту една договорна страна нема право да ги пренесе своите обврски на трета страна без взаемна писмена согласност.

Член 14

Овој договор е составен во 4 (четири ) примероци, од кои 2 (два) за договорниот орган и 2 (два) примерока за Носителот на набавката и стапува на сила од моментот на неговото склучување.

Нарачувач
Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов

Носител на набавката
ДТТУ ГЕОРГИНА МГЛ ДООЕЛ Радовиш
Одговорно лице
Тони Андонов

Прилог: Понуда од економскиот оператор.

## Прилог 1 – Образец на понуда

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 12268/2023 објавен од страна на Општина Конче ______________________, за набавка на Сукцесивен транспорт со утовар на дробен камен со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: ДООЕЛ „Георгина мех“
I.2. Контакт информации
- Адреса: Радовиш ул. „Георги Бучев“
- Телефон: 070-247-082
- Факс:
- Е-пошта: georginamehanizacija@gmail.com
- Лице за контакт: Тони Андонов

I.3. Одговорно лице: Тони Андонов
I.4. Даночен број: 4023120511006
I.5. Матичен број: 7429126

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

| Опис на услугите | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1.Сукцесивен транспорт на дробен камен од рудник „Бучим“ до населено место Ракитец | m3 | 1 | 400,00 | 72,00 |
| 2.Сукцесивен транспорт на дробен камен од рудник „Бучим“ до населено место Горни Липовиќ | $m^2$ | 1 | 400,00 | 72,00 |
| 3.Сукцесивен транспорт на дробен камен од рудник „Бучим“ до населено место Конче | $m^2$ | 1 | 400,00 | 72,00 |
| Вкупна цена без ДДВ: Со зборови: | | | 1.200,00 | 216,00 |

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 1.200,00 *[со бројки]* ( илјада и двеста денари ) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 216,00

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

| Опис на услугите | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1.Сукцесивен транспорт на дробен камен од рудник „Бучим" до населено место Ракитец | m3 | 1 | 400,00 | 72,00 |
| 2.Сукцесивен транспорт на дробен камен од рудник „Бучим" до населено место Горни Липовиќ | m³ | 1 | 400,00 | 72,00 |
| 3.Сукцесивен транспорт на дробен камен од рудник „Бучим" до населено место Конче | m³ | 1 | 400,00 | 72,00 |
| Вкупна цена без ДДВ: | | | 1200,00 | |

Со зборови: илјада и двеста денари

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Ракотинци 21.7.2023

Одговорно лице*
Toni Andonov
Digitally signed by Toni Andonov
Date: 2023.07.21 11:32:17 +02'00'
(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице